# СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА МЕДИЦИНСКИ ЛАБОРАНТИ И САНИТАРНИ ТЕХНИЧАРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ПРОГРАМА

## 34ТИ ОКТОМВРИСКИ СРЕДБИ

СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

**11.10. - 14.10.2006**

**ХОТЕЛ " ДЕСАРЕТ" - ОХРИД**

# ...СТАПЕНОСТ НА КАРИЕСОТ ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ

...икторија П. Стојчевска, В, Јашовиќ, Е, Јашовиќ- Сивеска
...Висока Медицинска Школа, Битола

Забниот кариес е често хронично заболување кое се јавува во сите возрасти. ПОјавата на кариесот е клиничка манифестација на патогенетски процес кој се јавува на површината на забите. Клучниот аспект во патогенезата е продукција на киселина од бактериите кои се присутни на денталниот плак, способноста на микроорганизмите да преживеат и делувањето на флуорот.

Целта на трудот е да се прикаже застапеноста на забниот кариес кај учениците од основните училишта.

Материјал и методи на работа: користени се податоци од учениците о стоматолошките амбуланти од опш тина Битола како и од заводот за здравствена заштита во Битола.

Податоците се ретроспективно анализирани за период од 07.2004 до 07.2005 година резултатите се табеларно и графички прикажани.

Резултати:

Во наведениот период вкупен број на регистрирани ученици со кариес се 2277 од кои 1167 се од машки пол 1110 се од женски пол. Забележително е дека со зголемување на возраста на учениците се зголемува и бројот на регистрирани со забен кариес што значи дека најголем број на регистрирани има во завршните одделенија.

Заклучок: Главниот аццент за превенирање на забниот кариес треба да се стави на одржување на редовна хигиена на забите и употреба на апарати со флуор. Како генерална мерка за заштитан а населението е да се предложи додавање на флуор во водата за пиење или користење на флаширана вода која во себе ги содржи потребните количини на флуор со што успешно би се превентирал овој генерален проблем.